# Вести од светот

## за млади и возрасни

2019 • **ВТОРО ТРИМЕСЕЧЈЕ** • ЈУЖНОАМЕРИКАНСКА ДИВИЗИЈА





www.AdventistMission.org

# Содржина

**Насловната страна:** Гресијели  Мораеш Насименто имала необичен шеф на работа, во градот Аракаја, во Бразил. Ја повикал во Адвентистичката црква, а подоцна ја прашал дали би сакала да му биде сопруга. Прочитајте го искуството на страна 26???.


ПЕРУ

5  Граѓани кои носат Библија | *6. април* T

ПАРАГВАЈ

8  Преплашен за да ја шири веста | *13. април*

10  Без мир во медитацијата | *20. април* T

УРУГВАЈ

13  Зошто сум родена? | *27. април* T

16  Копнеж за Бога | *4. мај*

19  Ревносен за Исуса | *11. мај*

АРГЕНТИНА

22 Роден да биде мисионер | *18. мај* T

25 Две посвоени момчиња | *25. мај*

БРАЗИЛ

28  Новогодишна желба | *1. јуни* T

31 Брз оговор на две молитви | *8. јуни*

34 Од марксист до адвентист | *15. јуни*

37 Незаборавно запросување | *22. јуни* T

39  Програма на 13. сабота: Уморни мисионери | *29. јуни* T

43 Идни проекти на 13. сабота

44  Извор на информации


T = *Стории кои се посебно интересни за тинејџерите*

# Нашите дарови на дело







SEVENTH-DAY ADVENTIST CHURCH®

© 2018 General Conference of Seventh-day Adventists® • All rights reserved



12501 Old Columbia Pike,
Silver Spring, MD 20904-6601
1-800-648-5824 • AdventistMission.org


Пред три години, дел од даровите на 13-тата сабота, беше искористен за изградба и пуштање во работа на подвижна црква (на сликата лево, волонтери носат зелени маици, а на сликата десно, крстени браќа и сестри облечени во крштална облека) на реката Амазон во Бразил. Сторијата на црковниот одбор може да се најде на 40 страница од списанието.

## Драг водачу на саботната школа,

Ова тримесечје ќе ви ја претставиме Јужноамериканската дивизија (ЈАД), која го покрива дејствувањето на Христијанската адвентистичка црква во Аргентина, Боливија, Бразил, Чиле, Еквадор Фолкландските Острови, Парагвај, Перу, Уругвај и соседните острови во Атлантикот и Пацификот.

Во оваа област од светот живеат 340 милиони луѓе, од кои 2.48 милиони се христијани адвентисти, што претставува однос од еден адвентистит на секои 137 жител.

Четирите проекти на 13. сабота од ова тримесечје, ќе бидат: градење на „центри на влијание“, места кои христијаните адвентисти ги користат за да стапат во контакт со луѓето од локалната средина. Три од овие четири центри се наоѓаат во новоизградени црковни згради. Четвртиот центар, на луѓето од локалната заедница ќе им понуди часови по англиски јазик, музика, и други активности за деца и млади, во градот Куско, во Перу. Целта на овој центар е да се воспостави нова црква во овој град.

За да го подготвам материјалот за овој број, јас интервјуирав луѓе кои живеат во овие четири града. Во овој број од списанието, како и во детското мисионско списание, ќе бидат наведени и искуствата на луѓето кои беа дел од проектот на 13-тата сабота пред три години. По слушањето и читањето на нивните искуства, сигурен сум дека ќе ми се придружите во изјавата дека Исус навистина скоро ќе дојде!

### Можности

Даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени за:

1. Основање цркви и здравствено насочен центар на влијание во градот Аруан во Бразил.
2. Купување на земјиште за црква и центарот на влијание во Салвадор, Бразил.
3. Отворање на младински центар со школа за англиски јазик во градот Курско, во Перу.
4. Изградба на црква и медицински центар во Пукалпи, во Перу.

**ПОСЕБНИ ОБЕЛЕЖЈА**

Ако сакате својата саботна школа да ја направите поинтересна, можете да го преземете Мисионското списание во PDF верзија од линкот: bit.ly/adultmission или да читате на Фејсбук. Посетете ја и ставете Ми се допаѓа на нашата фејсбук страница: Facebook.com/missionquartelies.

Искористете ги предностите на мисионските приказни во видеозапис, во кои се изнесуваат искуства на наши браќа и сестри насекаде во светот, со посебен фокус на оние што ќе ги примат мисионските дарови на 13-тата сабота. Ако сакате, можете да добиете опис на секој видеоклип и линк на интернет, за да можете да преземете апликација, или да гледате видеоклипови онлајн. Ние секоја седмица поставуваме дополнителни слики и занимливости кои можете да ги преземате и да ги прикажувате во својата саботношколска класа на компјутер или преку мобилниот телефон додека ги читате мисионските статии, или можете да ги испечатите и со сликите да ја украсите просторијата на саботната школа или својата саботношколска табла.

**Дополнителни информации и активности:** Во одделот ИЗВОРИ, можете да најдете неколку веб-сајтови кои можат да ви помогнат, како и дополнителен материјал за вашите мисионски презентации. За дополнителни информации можете и директно да ме контактирате: mcchesneya@gc.adventist.org

Ви благодарам што помагате членовите на вашата саботношколска класа да се запознаат со своите духовни браќа и сестри насекаде во светот, и што ги охрабрувате да учествуваат во мисијата на црквата преку своите дарувања.

Од срце ви посакувам изобилни Божји благослови!



*Ендрју Мекчизни*
*Уредник на списанието*



# Граѓани кои носат Библија

Перу / 6 април 2019

Александро Керар, 52

Александро прв пат влегол во училиште кога имал 18 години. Некои луѓе би сметале дека е премногу доцна за почеток на школување, но сите осумнаесетгодишници во неговото село Чакаколо, тргнале во прво одделение, на почетокот на осумдесеттите години. Селаните сметале дека е подобро нивните деца да работат на фармите отколку да се школуваат.

Едно момче донело радиоапарат на училиште, и Александро внимателно ја слушал религиозната радиопрограма, во која се зборувало за последното време во кое живее нашиот свет. Бил исплашен, но сакал да дознае уште повеќе за тоа.

Неговата желба била услишена по извесно време, кога организаторите на евангелските радиопредавања дошле во неговото село, и во училишната сала организирале серија вечерни предавања. Додека го слушал говорникот како зборува за Христовото скоро доаѓање, неговото срце се исполнило со радост.

И останатите мештани уживале во состаноците. Организаторите набргу отвориле црква. Александро и неговите пријатели оделе на неделните црковни служби, секогаш кога можеле да отсуствуваат од својата работа на фармите.

Четворицата црковни водачи го увиделе големото интересирање на мештаните за духовните работи, и одлучиле на сите што ќе доаѓаат на предавањата да им подарат по една Библија. Отишле во соседниот град Куско, оддалечен 60 минути возење со автобус, во потрага по Библии. Но без успех.

Очајни, затоа што не нашле Библии, овие четворица поминувале по една улица со калдрма, кога забележале како група луѓе влегува

во една зграда, а секој носел Библија. Мислејќи дека тоа можеби е книжарница со голема количина на Библии, оваа четворка влегла во зградата. На нивно изненадување, тоа биле простории на христијанската адвентистичка црква, а луѓето доаѓале во саботната школа.

Овие четворица останале до крајот на саботната школа и на останатиот дел од црковната служба. Биле повикани да останат на заедничкиот ручек и на попладневното проучување на Библијата. Биле одушевени од она што го дознале, коментирајќи дека биле запознаени само со половина од работите во врска со Христовото второ доаѓање, додека овие луѓе во црквата, ја знаат целата приказна.

Оваа четворка одлучила да почне да доаѓа на предавањата што ги организирала адвентистичката црква. Набргу го замолиле пасторот да им помогне, да им ја објасни целокупната библиска вистина, за да можат да им сведочат на луѓето во своето село.

Двајца верници од црквата отишле со нив во селото, проповедајќи во нивната црква наредниот ден, во недела.

Александро го пропуштил богослужението поради работа на фармата. Неговите пријатели му рекле дека не мора да се грижи, бидејќи селската црква станала христијанска адвентистичка црква, и наредното богослужение ќе биде во сабота.

Александро отишол во црква во сабота за да види што се случува. Бил осведочен и восхитен од новите вистини што ги слушнал, вклучувајќи го и Божјиот налог искажан во едемската градина за одбележувањето на седмиот ден, сабота, како ден за одмор. Набргу станал адвентист.

Алехандро, кој тогаш имал 19 години, го напуштил училиштето, за да може во потполност да се посвети на работата на фармата. На секој кој го слушал почнал, да му сведочи за второто Христово доаѓање. Неговата љубов кон Исус, довела до извонредни резултати. Александро, едноставен и скромен човек, со ограничено образование, основал шест цркви во изминатите 30 години.

Првата црква ја основал во 1985 година, кратко време по своето крштавање. За да ги посети своите цркви, понекогаш пешачи и по неколку часови. Благодарение на неговото дејствување, повеќе од 800 луѓе се крстени.

Александро, кој сега има 52 години, го слави Бога за овие прекрасни резултати, но вели дека вистинската благодарност оди кај верните адвентисти кои ги носеле своите Библии и едно саботно утро дошле во црквата во Куско.

„Сметам дека е многу важно секогаш да имаме Библија кај себе кога одиме во црква, бидејќи тогаш и другите луѓе можат да видат дека сме христијани. Кога тој ден верниците не би ги носеле своите Библии со себе, моето село никогаш не ќе дознаеше за вистинската црква.

Во неговото село, кое брои 500 души, 300 се верници на Христијанската адвентистичка црква.

Дел од даровите на 13-тата сабота ова тримесечје ќе биде употребен да се отвори центар на влијание во Кускоу, кој ќе им овозможи курсеви по англиски јазик. Часови по музика и други активности наменети за децата и младите. Целта на овој центар е основање на нови цркви во тој дел од градот. Ви благодариме што со своите активности ги поддржувате мисионските активности на Христијанската адвентистичка црква.

## Во врска со искуството

1. Слики поврзани со оваа приказна, ќе пронајдете на линкот: bit.ly/fb-mq
2. Александро, како и многумината кои живеат во руралните предели на Перу, зборуваат на Кечуа јазикот. За да ја напишеме оваа приказна, ни беа потребни двајца преведувачи – еден да преведува од кечуа на шпански, а другиот од шпански на англиски.
3. Црквата во Куско му дава голема поддршка на Александро, обезбедувајќи храна, пари и религиозни материјали за неговите мисионски активности.
4. Погледнете го видеоприлогот за Александро на линкот: bit.ly/Alejandro-Qquerar.



# Уплашен од повикот да ја шири веста

Парагвај / 13 април 2019

Хуго Санз, 64

Хуго Санз бил исплашен кога пасторот го замолил да работи на основање на црква, во дел од главниот град Парагвај – Асунсион, во кој немало адвентистичко присуство. Седокосиот директор на адвентистичката болница во Асунсион, Хуго, во која работел дваесет години, бил верник на најголемата адвентистичка црква во градот, но никогаш не работел со луѓето надвор од црквата.

„Бев исплашен и не се чувствував способен самостојно да водам црква", кажува тој. Хуго разговарал со својата сопруга, која имала некое искуство во работата со луѓето од другите верувања, бидејќи работела во АДРА. Одлучила да му помогне.

Хуго со недели се молел, чувствувајќи постојано вина, кога сфатил дека новата црква ќе биде основана во Нуева Сахонија, во близина на неговиот дом. Се согласил да го надгледува основањето на црквата.

„Оваа работа ја започнав поради чувството на вина, но со помош на другите верници, успеавме. Дојдовме на ова место, ги увидовме потребите на луѓето коишто живеат овде, и почнавме да работиме".

Првите чекори беа мали. Хуго изнајмил зграда „центар на влијание" и организирал семинари, како, на пример: курсеви на здраво готвење, семинари за престанување на пушење, во кои му помагале верниците на црквата кои работеле во болницата. Заедно со верниците на црквата, почнал да се дружи со луѓето и да ги посетува.

Гласот за новооснованиот центар во локалната средина, почнал да се шири. Еден верник на црквата направил фејсбук-страница и

поставувал слики од разните случувања. Адвентистичката радиостаница Нуево Темпо ги рекламирала активностите на центарот.

По една година, во текот на 2015 година, центарот на влијание почнал да одржува редовни состаноци / богослуженија во сабота, под називот „Еден ден одвоен од светот“.

„Тоа е ден, во кој луѓето можат да заборават на своите секојдневни стресови и да се фокусираат на Библијата. Ние заедно пееме и ја проучуваме Библијата, а луѓето кои ги посетуваат нашите здравствени семинари сфаќаат дека се залагаме за здравствените принципи, бидејќи така учи Библијата. Со текот на времето почнаа да ја градат својата заедница со Бога“.

## Во врска со искуството

1. Погледнете го видео клипот за Хуго на линкот: bit.ly/Hugo-Sanz
2. Сликите поврзани со ова искуство можете да ги најдете на линкот: bit.ly/fb-mq

## Мисионски информации

1. Во Прагвај постојат 61 црква и 95 молитвени групи со 12,519 членови. Уругвај има 31,838,000 жители, што го прави односот од 1 адвентист на секои 544 луѓе.
2. Прđвиот адвентистички пастор во Парагвај бил Лионел Брукинг, колпортер, кој продавал книги во градот Гранчако 1982 година. 1900 година E.W Шнајдер се доселил од САД со својата сопруга. Постојат информации дека еден Германец го прифатил учењето на адвентистичката црква, преку списанието на германски јазик што го добил од неговиот брат во Уругвај.

Додека ја проучуваме Библијата, луѓето станувaат изненадени од практични здравствени совети на нејзините страници. Дознаа дека добро здравје може да се постигне со соодветна исхрана, молитва и мир во Исуса. Меѓу најцитираните библиски стихови се: „Возљубен мој, ти посакувам да ти биде добро во сè и да бидеш здрав, како што и е добро на твојата душа“ (3. Јованово 2); „И Божјиот мир, што го надвишува секој ум, ќе ги запази вашите срца и вашите мисли во Христа Исуса“ (Филипјаните 4,7).

Серија кражби ја прекинале работата на центарот во текот на 2016 г. Четири пати крадци ги кршеле прозорците, влегувале во центарот и ги краделе електронските апарати, масите и столчињата. Поради тоа, семинарите привремено биле одржувани во домот на Хуго.

Истата таа година, адвентистичката црква во светот собрала средства од 13-тата сабота за претворање на центарот за влијание во

Новоизградената црква и центарот на влијание Нуева Сахонија била отворена во 2018 година. Хуго, покрај пасторот задолжен за таа црква, станал водач-лаик на истата. Тој смета дека не постои ништо на светот што би можело да го направи посреќен.

„Работев во  адвентистичката установа 20 години, но овие неколку изминати беа најсреќните, бидејќи работев со луѓето по светот. И порано работев со луѓе, но со оние кои веќе беа во црквата. А сега, повеќе не се занимавам само со зборување, туку и со дејствување, покажувајќи ја им на луѓето Божјата љубов на еден нов начин. Чувствувам дека ја исполнувам мисијата којашто Бог ја наменил за мене“.

Ви благодарам што ги приложувавте своите дарувања на 13-тата сабота во текот на 2016 година, кои помогнаа да се основа црквата Нуева Сахонија. Ви благодарам што со своите дарувања ја поддржувате мисијата на Христијанската адвентистичка црква насекаде во светот.



# БЕЗ МИР ВО МЕДИТАЦИЈАТА

Парагвај / 20 април 2019

Густаво Хавијер Кабаљеро, 40

Густаво во своето духовно трагање почнал да се занимава со медитација. Духовниот учител го однел во една просторија и му рекол: „овде ќе ти се обратат духовите на мртвите и ќе ти ги дадат одговорите коишто ти требаат“.

Густаво очајно барал одговори. Ноќе спиел многу малку, а во текот на денот медитирал по двапати – еден час наутро и еден час навечер, за да се соочи со секојдневниот стрес. Медитацијата некое време му пружала мир, но потоа стресот многу посилно му се вратил.

Во просторијата во која се наоѓал, слушнал гласови и галама. Видел луѓе кои се движеле таму-ваму и исчезнувале. Личеле на демони.

Кога го видел неговиот страв, духовниот учител рекол: „Не грижи се! Нема да те повредат. Тие само ќе го испитаат твојот ум и твоите чувства“.

По ова искуство, Густаво  се навратил на својот живот. Неговите родители припаѓале на некоја друга христијанска деноминација, а него го запишале во адвентистичкото училиште кога 12 години, по препорака на некој сосед. Покажувал слаб интерес за часовите по Библија, а неговото друштво од соседството го вовело во кругот на зависности од алкохол и дрога во текот на завршната година од школувањето.

Густаво користел марихуана, алкохол и кокаин за да си ги олесни своите маки. Но, тогаш почнал да страда од страшни и постојани главоболки и мачнини. Отишол кај психолог да побара помош, а тој му ја препорачал источната медитација.

Густаво пронашол духовен учител во еден источен храм и научил да практикува медитација и јога. За да медитира, постојано повторувал една реченица на некој изумрен индијански јазик. Тоа требало да му донесе смирување и неговиот ум да го поведе на некое помирно место.

Во одреден временски период, неговиот живот почнал да се подобрува. Но, за време на медитацискиот транс, почнал да слуша гласови и да гледа привиденија. „Почнав да полудувам и ми беше потребен некој да ми помогне“, кажува тој.

Побарал помош од духовниот учител, кој го исплашил кога го довел на местото каде се собирале духовите на умрените.

Во тој момент, Густаво се потсетил дека ја проучувал Библијата во адвентистичкото училиште. Решил да направи нешто за да го промени својот живот и се поврзал со еден адвентистички пастор и еден психијатар од адвентистичката здравствена установа.

Тие се молеле со него, советувајќи му да престане да практикува медитација и јога, но и употреба на дрога. Густаво почнал секоја сабота да доаѓа во црква.

Со медитацијата и јогата лесно раскрстил, но со дрогата работите биле многу потешки. Како што Густаво се борел, така се молел да најде помош во библијата.

Една ноќ, кога не можел да спие, се повикал во молитва на стиховите, „Цврстиот по дух Ти го пазиш во совршен мир, зашто на Тебе се надева“ (Исаија 26,3); „Сè можам преку Христа, кој ми дава сила“ (Филипјаните 4,13).

Густаво му го предал своето срце на Исуса и бил крстен кога имал 34 години. „Барав лек, некој

да ми помогне да се чувствувам подобро. Во црквата дознав дека сум Божје дете. Бев ослободен со Неговиот живот и жртва“.

По крштавањето, пронашол видеопрезентација за „христијанска медитација“ и решил и тоа да го испроба. Техниките биле слични на источната медитација, но, наместо повторувањето мантра на изумрениот индијански јазик, повторувал цитати од Светото Писмо.

Резултатите го шокирале. „Изгубив контрола над својот ум, почувствував енергија во целото тело, слушав гласови кои ми зборуваа што треба да правам“.

Густаво се скаменил, не можел да се помести, сѐ додека не излегол од трансот.

По некое време, неколкумина стари пријатели му рекле, дека гласовите коишто ги слушале за време на своите медитации им рекле дека треба да го повикаат да медитира онака како што претходно медитирал.

Густаво одлучил никогаш повеќе да не медитира на тој начин. Наместо тоа, донел одлука да ја чита Библијата и да размислува за Божјата реч. Сфатил дека источната медитација го води на опасни терени, и дека Бог не одобрува таква медитација. Исто така, станал убеден, дека јогата е средство преку кое сатаната дејствува на човекот.

„Додека практикувате јога, се чувствувате добро и не чувствувате потреба да ја читате Библијата или да го имате Исуса во својот живот. Мислите дека духовите работат во вас и во ваша полза, и тоа ви е доволно“.

Денес Густаво има 40 години и работи како литерарен евангелист и масер-терапевт. Тој, исто така, е активен учесник во центарот на влијание при адвентистичката црква Нуева Сахонија, проект кој настана од собраните дарови на 13-тата сабота во 2016 година.

Тој на луѓето во неговата околина им го изнесува своето животно искуство, сведочејќи им дека дрогата и медитацијата не ги даваат вистинските одговори.

„Да се биде под влијание на дрога и да се медитира, тоа прави човекот краткорочно да се чувствува добро, а потоа станува сѐ полошо и полошо. Единственото решение е Исус. Само кога се молите, ќе се чувствувате добро и ќе го искусите вистинскиот мир“.

## Во врска со искуството

1 За Густаво погледнете го видео клипот на линкот: bit.ly/Gustavo-Caballero

2 Пронајдете слики поврзани со оваа приказна на линкот: bit.ly/fb-mq

## Мисионски информации

1 Писменоста на населението во Парагвај е на повисоко ниво отколку во САД. Сите постари од 15 години читаат и пишуваат. Парагвај има 94% писменост на населението за разлика од САД кои имаат 86%.



# Зошто сум родена?

Уругвај / 27 април 2019

Грасиела Мусети, 52

Една жена стоела на автобуската станица во главниот град на Уругвај, Монтевидео. Во својата торба имала пари за посебна намена. Чекала автобус.

Одеднаш почнала да трепери. Почувствувала како нешто да се придвижило во неа. Автобусот дошол и застанал на станицата, но таа се предомислила, поминала од другата страна на улицата, влегла во пекарницата и купила некои колачиња.

Дома, сопругот ја пречекал на вратата.

„Зар веќе се врати?"

„Да, решив да не го направам тоа", одговорила.

Неколку месеци подоцна се родила Грасиела Мусети.

Нејзината мајка Марија, никогаш не дозволила нејзината ќерка да го заборави тој ден.

**Необично детство**

Грасиjела пораснала играјќи си меѓу споменициte на гробиштата. Кога имала една и пол година, нејзината постара сестра трагично

загинала во пожар во фабриката, во кој загинале уште дваесетина луѓе. Секој ден, мајка ѝ ја водела Грасиела на гробиштата, каде ја оплакувала својата постара сестра. Грасиела обично си играла меѓу споменициите, земајќи цвеќе од оние кои имаат премногу и го ставала на оние кои немаат.

Нејзината мајка дома секогаш зборувала кога некој би дошол кај нив, „Бог ми ја зеде едната ќерка и ми ја даде оваа наместо неа". А потоа ја раскажувала приказната за нејзиното предомислување на автобуската станица, и сето тоа го претставувала како смешен настан во животот. Тогаш би велела, „Грасијела не беше планирана да се роди".

Грасиела се чувствувала виновно и несигурно. Се чувствувала како да ја заменила сестрата која била светлина во домот. Поминале неколку години и нејзинте родители се развеле. Кога наполнила 15 години, родила син. Потоа, нејзиниот постар брат умрел од инфаркт. Сето тоа потполно ја скршило нејзината мајка. Неколкуте наредни месеци Грасиела секојдневно ја придружувала мајка си до гробиштата. Поминале неколку години и потоа единствениот преостанат брат на Грасиела, загинал возејќи велосипед. Грасиела не можела да ѝ ја соопшти на мајка си таа трагична вест. Се чувствувала како единствен преживеан од некоја голема трагедија.

Мајка ѝ остарела, а Грасиела се грижела за неа сѐ до нејзината смрт. Неколкуте последни години од животот, мајка ѝ како последица на претрпен удар, лежела неподвижна во креветот.

Еден ден, Грасиела ја фатила радиостаницата Нуево Тиемпо (Ново време), локалната адвентистичка радио станица. Слушајќи ја програмата, била привлечена од гласот на пасторот, кој звучел мошне смирувачки.

Во исто време, го слушала и пасторот на друга радиостаница, кој ја напаѓал адвентистичката црква и еден од нејзините основачи, Елена Вајт.

Неговата лутина го привлекла вниманието на Грасиела. Одлучила да прочита некоја книга од Елена Вајт. Но, каде да најде некоја нејзина книга.

Тогаш, Грасиела почнала да ги посетува книжарниците и библиотеките, но не можела да најде ниту една книга. Еден ден, нејзиниот постар син отишол во некоја продавница на обувки и забележал книга оставена на столчето. Ја прелистал и одлучил да ѝ ја однесе на својата мајка. „Погледни мамо, имам нешто што ќе ти се допадне", рекол тој.

### Книга од Бога

Грасиела ја зела книгата, го прочитала насловот, „Копнежот на вековите“, и кога го видела името на авторот, сета затреперила. Тоа била книга од Елена Вајт.

„Ова е Божја интервенција во мојот живот! Тој ми ја испрати оваа книга“.

Од тој момент, Грасиела повеќе немала никакви сомнежи во врска со Елена Вајт. И пред да почне да ја чита книгата, била свесна дека Бог ја повикува да Го следи.

Ја повикала радиостаницата Нуево Тиемпо за да добие дополнителни информации. Радиостаницата ѝ испратила еден верник од црквата, Мигел Амара Сперанца, да ги проучува заедно со неа основните вистини на Библијата.

Набргу била крстена во адвентистичката црква во Ла Теха, основана во 2016 год. од собраните дарови на 13. сабота. Таа денес е активен верник на црквата и им помага на луѓето од нејзината околина така што организира проучувања од Библијата. Со посредство на нејзиното влијание, четири души се крстени. Грасиела, во поголем дел од животот се прашувала поради која причина е родена. Денес, таа го има одговорот на ова прашање.

„Уште од моментот кога сум била во стомакот на мајка ми, Бог работел на мене“, смета Грасиела. Ако мојата мајка тогаш абортирала, кој би се грижел за неа? Кој би се грижел за мојот татко кој сега има 94 години и лежи неподвижен во креветот?

„Бог секогаш ги контролира сите настани. Не знам што видел во мене, но ме спасил. Се надевам дека ќе им сведочам на луѓето за Неговата љубов и ќе им помагам да донесат одлука да бидат Негови следбеници“.

Ви благодарам што со даровите за 13-тата сабота во 2016 годи-

## Во врска со искуството

1. За Грасиела погледнете на линкот: bit.ly/Graciela-Musetti
2. Сликите поврзани со оваа приказна можете да ги пронајдете на линкот: bit.ly/fb-mq.

## Брзи факти

1. Во Уругвај функционираат 59 цркви, 50 молитвени групи со 7,890 членови. На вкупната популација во државата од 3.457.000 жители има 1 адвентист на секој 438 жител.
2. Првиот верник на Адвентистичката црква во Уругвај била госпоѓа Хуан Ривоир, која дошла со својот сопруг во 1890 година. Пред да дојдат во Уругвај, ова брачна двојка четири години ги слушала проповедите на Елена Вајт во Пиедмонт во Италија.

на помогнавте во изградбата на црквата Ла Теха, која од изнајмена куќа порасна до голема црковна зграда и центар на влијание во локалната средина. Ви благодарам за мисионските дарувања кои им помагаат на луѓето, како што е Грасиела да одговорат на Божјиот повик и да му се предадат на Христа.



# КОПНЕЖ ЗА БОГА

Уругвај / 4 мај 2019

Марија Сесилија Фреире, 60

Сесилија била сосем скршена кога ја напуштил нејзиниот сопруг. Имала 30 години и се борела со рак на матката, поднесувајќи големи болки. Се прашувала дали нејзиниот сопруг добил развод, зашто, поради болките, не му дозволувала да ја допре со месеци.

Меѓутоа, нејзината мајка имала поинакви размислувања. Причината за развод ја гледала во тоа што нејзината ќерка одлучила да оди во адвентистичката црква. Сесилија била крстена неколку години пред тоа. По своето крштавање таа престанала да оди на забави и да консумира алкохол со својот сопруг.

„Го изгуби сопругот поради црквата“, ѝ рекла мајка ѝ.

За среќа, Сесилија имала успешна хируршка интервенција и нејзиниот рак бил извaден, но престанала да оди во црква. За да ги одгледа своите три деца, морала да најде работа. Бидејќи не можела да најде работа како готвачка со слободна сабота, престанала да ја празнува саботата и да оди во црква.

Годините минувале, и нејзините деца пораснале и засновале свои семејства. Но, Сесилија и понатаму чувствувала огорченост поради својот развод. Чувството на огорченост пораснал кога нејзината мајка умрела.

## Преселба во куќа

Некаде во тоа време, се преселила во главниот град на Уругвај, Монтевидео, за да живее со својата ќерка, зетот и трите внучиња. Почнала да размислува за Бога и посакала да дознае каде има некоја адвентистичка црква во нејзина близина.

Некако, почнала да ја слуша радиостаницата Нуево Тиемпо. „Не знам како почнав да ја слушам оваа радио станица. Сакав да слушам нешто за Бога, и ја пронајдов оваа радио станица".

Еден ден, додека ја слушала својата омилена радиостаница, дознала дека се отвора адвентистичка црква релативно близу до нејзиниот дом. Влегла во адвентистичката црква на 1 јануари 2017 год., кратко време по официјалното отворање. Сакала Новата година да ја започне со Бога. Исто така, сакала веднаш да биде крстена, но пасторот ѝ рекол дека би било подобро за неа малку да го освежи познавањето на Библијата. Била крстена 5 месеци подоцна, на 18 мај 2017 година.

„Од тој ден сум многу среќна. Бог го промени мојот живот. Ме оддели од животот на болката и горчината".

Знаела дека Бог ја отстранил нејзината горчина кога почнала да се радува и смее. Дури и верниците на црквата ја забележале таа нејзина промена, велејќи ѝ, „многу сте весели!" А таа одговарала, „затоа што сум многу среќна!"

## Молитва за семејството

По своето враќање во црквата, Сесилија почнала да се моли за својата ќерка и зет да го прифатат Исуса. Додека се молела, забележала дека еден верник – мисионер од Бразил, течно зборува англиски јазик. Нејзиниот зет, архитект, кој не знаел англиски, брал професор по англиски јазик, бидејќи сакал да оди на работа во странство.

Во договор со бразилскиот мисионер, Сесилија му кажала на својот зет дека во црквата му пронашла професор по англиски јазик.

„На тој начин го донесов во контакт со црквата. Набргу се здружи со пасторот и другите верници во црквата, вклучувајќи се во нејзините активности".

Се покажало дека на нејзината ќерка ѝ е потешко да го прифати Бога. Кога Сесилија ќе го спомене Господа во нејзино присуство, ќерката негодувала, велејќи, „повторно се обидуваш да ме воведеш во црквата!"

Сесилија тогаш ѝ рекла на ќерка си: „Не е тоа што мислиш. Јас само сакам по мојата смрт, кога ќе ги отворам очите при

## Во врска со искуството

1 Погледнете го видео клипот со Сесилија покрај базенот за крштавање, во кој била крстена во адвентистичката црква Гоес, на линкот: bit.ly/Cecilia-Freire

2 Сликите поврзани со ова приказна можете да ги најдете на линкот: bit.ly/fb-mq

## Брзи факти

1 Зборот на Гуарани Индијанците, „Уругвај“, означува „река од шарени птици“.

2 Национално јадење во Уругвај е сендвич кој се вика Чивито. Се прави од тенко сечено место (Чураско), моцарела, домат, мајонез, маслинки, и тврдо варени јајца. Се послужува во лепче. Често се јаде со помфрит.

3 Степенот на писменост во Уругвај е 98,1% благодарение на бесплатното задолжително образование. Во текот на 2009 година, Уругвај станала прва земја на светот која на секој ученик му обезбедила бесплатен безжичен интернет и лап-топ.

4 Уругвај е единствената земја во Јужна Америка во која водата од чешма е безбедна за пиење.

5 Околу 95% од електричната енергија е произведена од обновливи извори, главно од ветерници.

воскресението, повторно да бидеме заедно“.

Овие зборови го трогнале срцето на нејзината ќерка. Таа и нејзиниот сопруг сега ги проучуваат библиските лекции и се подготвуваат за крштавање.

„Бог направи прекрасни работи во мојот живот“, смета Сесилија.

Сесилија, која денес има 60 години, оди во адвентистичката црква Гоес, која е изградена во Монтевидео, во Уругвај, од даровите на 13-тата сабота во 2016 година.

Ви благодариме за верноста во приложувањето на средства за мисијата на Христијанската адвентистичка црква, која им помага на луѓето како Сесилија и нејзиното семејство да се подготват за скорешното Христово доаѓање.



# ДА СЕ БИДЕ ОГНЕН ЗА ИСУСА

Уругвај / 11 мај 2019

Мигуел Амаро Сперанза, 69

Мигуел има 69 години и е полн со енергија. Пред некое време, го прифатил повикот на пријателот Иралдин „Дина“ Фернандез, да ги води проучувањата на Библијата во домот на Дино, во сиромашниот дел на Монтевидео, Ла Теха.

Мигуел и Дино држат библиски предавања и во домот за стари лица во овој дел од градот, во кој до неодамна не постоело адвентистичко присуство.

По една година библиско проучување, учесниците биле повикувани на серија проучувања за пророкот Даниел и Откровението. По тие серии, 16 луѓе биле крстени.

„По овие предавања, одлучивме да основаме црква“.

Мигуел, неколку други верници на црквата и овие шеснаесетмина новокрстени верници изнајмиле куќа и организирале богослужби секоја сабота.

Како верниците на црквата излегувале на терен и на своите соседи им носеле храна и облека, така и бројот на луѓето што доаѓале во црквата растел. Изнајмената просторија станувала сè помала бидејќи бројот на луѓето постојано растел. Верниците размислувале како да ја прошират зградата на црквата, за да може да прифати уште поголем број на луѓе од локалната средина.

Проблемот бил решен кога браќата и сестрите адвентисти од целиот свет помогнале да се купи црковна зграда и центар за живоен стил, со помош на собраните дарови на 13 сабота во 2016 година.

Мигуел е одушевен со новите можности коишто сега ѝ стојат на располагање на црквата.

„Нашиот план е да им служиме на луѓето во овој дел од градот, вклучувајќи ги и бездомниците, бидејќи во оваа средина живеат

многу сиромашни луѓе", рекол тој за време на едно интервју во црковната кујна, во која се одржуваат курсеви за здрава исхрана.

**Второ искуство**

Ова не е прв пат Мигуел да доведе некого кај Христа. Тој со неколку верници од црквата Ел Прадо редовно одел во населбата направена од картонски кутии, во опасниот дел на Монтевидео. „Ние, петмината, државме библиски предавања секоја сабота. Им носевме храна на луѓето, обидувајќи се да ги задоволиме нивните потреби".

Верниците на црквата им пружаа помош на 47 возрасни и 90 деца. Изградивме голема куќа во која овие луѓе можеа да се сокријат за време честите поплави во сезоната на дождовите.

Луѓето од оваа сиромашна населба почнаа да доаѓаат во адвентистичката црква. Некои меѓу нив доаѓаа дури и со коњски запреги.

Како резултат на ваквото дејствување, имавме над дваесет крштевања".

**Трето искуство**

Мигуел 27 години работел во АДРА, а едно искуство ќе го памети сиот свој живот, кога еден бездомник со ампутирана нога поради дијабетес, по име Валтер, дошол во еден од центарот на АДРА во Монтевидео.

Валтер немал храна, ниту место каде би се засолнил од улицата. Мигуел почнал да се спријателува со него, и на негова желба почнале заедно да ја проучуваат Библијата.

Еден ден, Мигуел ја подготвувал саботната проповед додека готвел. Валтер го прашал, „за што ќе зборуваш во твојата проповед"?

Мигуел му објаснил дека инспирацијата за проповедта доаѓа од зелепената слика на вратата од фрижидерот. На сликата имало дете кое ловело храна од куп ѓубре и поставувало прашање, „На што се жалиш ти?"

Отворајќи ја Библијата, Мигуел прочитал, „Но Тој им рече: ʼДајте им вие да јадат!ʼ Тие одговорија: ʼНие немаме повеќе од пет леба и две риби, освен ако отидеме и купиме храна за сите овие луѓе?ʼ" (Лука 9,13).

Исус го упатил овој повик, кратко време пред чудата со лепчињата и рибите.

Мигуел се вратил на своето готвење, а Валтер набрзина напишал нешто на парче хартија, кое по некое време му го предал на Мигуела и му рекол, „Ако оваа нешто ти користи, ти го давам за проповед“.

Ја прочитал оваа порака за време на проповедта. Верниците на црквата биле длабоко трогнати и поттикнати.

Валтер ја напишал поракара како самиот Исус да им ја упатил на луѓето. Во пораката пишувало „Вие се жалите, но погледнете, околу вас живеат луѓе кои се бездомници, без храна и облека“. А потоа, било напишано нешто за него самиот.

## Во врска со искуството

1 За Мигуел погледнете на линкот: bit.ly/Miguel-Speranza

2 Пронајдете слики во врска со оваа приказна на линкот: bit.ly/fb-mq

## Мисионски информации

2 Првиот адвентистички пастор во Парагвај бил Лионел Брукинг, колпортер, кој продавал книги во градот Гранчако 1982 година. 1900 година E.W Снајдер се доселил од САД со својата сопруга. Постојат информации дека еден Германец го прифатил учењето на адвентистичката црква, со посредство на списанието на германски јазик, добиен од страна на неговиот брат во Уругвај.

„Имав пријатели кои пиеја и играа со мене. Но, сега се жалат на своите проблеми. Јас им велам, ’На што се жалите? Погледнете ме мене, јас имам дијабетес, и немам ни нозе’“. Неколку месеци подоцна, Валтер му го предал своето срце на Исуса. Кога излегол од базенот за крштавање, извикал, „Ти благодарам Исусе!“

Мигуел и ден-денес го слуша триумфалниот восклик на Валтер. Еден и пол месец по своето крштавање Валтер починал.

„Се надевам дека повторно ќе го видам кога нашиот Небесен Татко ќе нѐ поведе дома. Се надевам дека повторно ќе бидеме заедно, како и со сите оние со кои Бог нѐ споил преку своето евангелие“.

Ви благодариме што со своите дарувања на 13-тата сабота го поддржавте купувањето на црковната зграда Ла Теха во текот на 2016 година.



# РОДЕН ДА БИДЕ МИСИОНЕР

Аргентина / 18 мај 2019

Марсело Фернандез

Со мојата сопруга 14 години се молевме да добиеме дете. „Ако е Твоја волја, направи да добиеме дете или помогни ни да посвоиме дете". По серијата тестови, нашиот доктор изјави дека нашите можности да добиеме дете се многу мали. Исто така, ни беше јасно, дека процесот на посвојување дете во Аргентина е многу тежок и обемен.

А потоа, ни се пружи можност да работиме во Божјето дело во една затворена далечна земја. Тогаш си помисливме, „Можеби Бог сака да посвоиме дете во некоја друга земја. Сите коцки се сложија. Јужноамериканската дивизија на Христијанската адвентистичка црква, која и припаѓа на Аргентина, се согласи со нашата желба да одиме во таа далечка земја на пет години.

Црковните водачи и властите во таа држава го дозволија нашиот престој.

Некаде во тоа време, мојата сопруга дозна дека е бремена.

Елзиа, која инаку има смисла за хумор, поставила скриена камера за да ја сними мојата реакција за време појадокот, кога ќе ја изнесе веста за својата бременост.

Ми подаде едно кутивче, за кое најпрво мислев дека е празно. А потоа, внатре во кутијата го здогледав тестот за бременост. Го извадив и проверив. Беше позитивен.

Ме преплави конфузна мешавина од шок и среќа. Ја видов снимката и забележав дека речиси сум се заледил. Не ја ни прегрнав својата сопруга, само гледав во тестот во мојата рака.

Во мојот ум се одвиваше вистинска драма. „Зошто сега Боже? Ова е неочекуван момент. Сега државните власти ќе нè одбијат, црковните водачи, исто така, ќе кажат „не", а и Јужноамериканската дивизија ќе нè одбие. Одгледувањето на детето ќе биде многу скапо и ќе ни ја попречи нашата мисионска работа".

### Божје совршено време

Меѓутоа, Божјето време е совршено, никој не ѝ префрли на мојата сопруга поради бременоста. Дури, властите во таа држава, во одговорот на нашата молба, напишале, „Нема проблеми, ние сакаме деца“. Нашиот син, Езекил, се роди три месеци по нашето доаѓање во таа држава. Тој им ја отвори вратата на најмалку 80% од луѓето на кои им сведочевме.

Набргу увидовме, дека локалните луѓе ги сакаат децата. А, ако сте странец, тоа е уште подобро. Луѓето ќе ве застануваат на улица за да се сликаат со вас. Дедовците и бабите, кои ги шетаат своите внучиња, ќе ви пристапат и ќе започнат разговор за родителството.

Имаме повеќе можности за да ја сееме Господовата реч, отколку што некогаш сме можеле да замислиме. Каде и да се свртевме, луѓето се собираа околу Езекил.

Преку нашиот син ги запознавме луѓето во нашата зграда, во супермаркетите и парковите.

Ги повикувавме новите пријатели на роденденските прослави и другите празнувања во нашиот дом. Многу родители сакаат нивните деца да се дружат со нашиот син, така што се распрашуваат кога можат да дојдат на лекции во саботната школа, која ја организираме за нашиот син.

Една брачна двојка од нашата зграда, која има ќерка на иста возраст, често нѐ посетува. На нивното девојче му подаривме детска

## Во врска со искуството

1. Имињата на луѓето се промenети во приказната за да се заштити мисионерската работа на ова семејство во таа чувствителна област. Од таа причина, немаме видео клип за оваа седмица.
2. Пронајдете слики поврзани со оваа приказна на линкот: bit.ly/fb-mq.

## Мисионски факти

1. Аргентина има 606 цркви и 438 молитвени групи со 116,391 членови, што претставува однос од 1 адвентист на секој 380 жител во државата.
2. Први адвентисти во Аргентина биле четири семејства кои дошле во областа Дијаманте Ентре Риос од Тампа во САД во 1890 година. Тоа биле германски фармери, колонисти во Русија, а станале адвентисти додека живееле во САД.
3. Во јули 1896 година, одржан е првиот адвентистички камп митинг во Креспо Ентре Риос на кој присуствувале 150 луѓе.

Библија на англиски јазик.

Начинот на кој се однесуваме кон своето дете, има поголемо влијание отколку што можеме да замислиме. Бог ни даде дете, кое многу убаво се однесува. Луѓето можат да видат дека често го прегрнуваме и дека тоа е среќно. На тој начин, тие уште подобро ја препознаваат и увидуваат Божјата љубов.

**Изненадување број 2**

Една прекрасна работа ни се случи додека се радувавме како Бог го употребува нашиот син за да се прослави, мојата сопруга повторно остана бремена и набргу потоа роди ќерка. Да се има син и ќерка, локалните луѓе тоа го сметаа за голем благослов. Луѓето нè застанувaa на улица за да ни зборуваат колку голем благослов е да се има син и ќерка. Ние само се насмевнуваме, им се заблагодаруваме на прекрасните зборови и покажуваме со прст кон Небото, зборувајќи дека Бог е изворот на секое совршенство и секој благослов.

**Какво сведоштво**

Исус рекол, „И ќе биде проповедано ова Евангелие за царството по целиот свет, за сведоштво на сите народи; и тогаш ќе дојде крајот" (Matej 24,14).

Нашето сведоштво зборува повеќе од нашите зборови. Јас сметам дека Бог сака да бидеме живи сведоштва, и Тој ни дава прилика тоа да го искористиме во подлабока смисла.

Бог го употребува нашиот син за да ги исполни зборовите од Матеј 24 глава и да го подготви патот за своето Второ доаѓање. Јас мислам дека малиот Езекил има повеќе ѕвездички на својата круна отколку мојата сопруга и јас.

Се чувствувам толку благословено, што на нас, грешните луѓе, Бог ни покажал дека Неговите планови се неспоредливо подобри.

Господ вели, „Моите мисли не се ваши мисли, ниту вашите патишта се Мои патишта, вели Господ" (Исаија 55,8).

Божјите планови се совршени.



# ДВЕ УСВОЕНИ МОМЧИЊА

Аргентина / 25 мај 2019

Хуан и Хуанита

Децата постојано тропале на вратата на домот на Хуан и Хуанита во кампусот на адвентистичката болница во Африка.

Хуан и Хуанита, е брачна двојка медицински волонтери од Аргентина, која била на едногодишна мисија во Африка. Живееле од мали примања, но секогаш доброволно го делеле оризот и другата основна храна со децата што доаѓале на нивната врата.

А потоа следело големо изненадување за оваа брачна двојка кога некои од децата повеќе не биле гладни, туку се соочувале со други предизвици, со емоционални потреби.

„Се прашувавме дали навистина им помагаме на овие деца", вели Хуан.

Решени да станат уште поблиски со децата, оваа брачна двојка отишла во едно село, со намера да посети некој од тинејџерите кој извршувал необични работи за нив.

Домот на овој тинејџер ги изненадил. Имал двајца помали браќа од 3 и 5 години, кои често останувале сами. А згора на сè, било зима и момчињата биле болни.

Поголемиот дел од денот нивниот брат не бил дома, и затоа мисионерите решиле да го прашаат, дали смеат редовно да им даваат лекови на неговите помлади браќа. Знаејќи дека имаат една празна соба во домот покрај болницата, ги зеле кај себе овие две мали момчиња. Го повикале и најстариот брат да биде крај нив десет дена, колку што траел третманот.

Како што здравјето на овие момчиња се подобрувало, двајцата мисионери дознале дека тие немаат татко, а мајка им работела некаде далеку и не можела да се грижи за нив. Затоа Хуан и Хуанита одлучиле да продолжат да се грижат за нив.

Овие сопружници им помагале на момчињата во основните потреби, ги запишале во адвентистичкото основно училиште и ги воделе во саботната школа.

Во текот на семејните богослуженија, момчињата слушале библиски приказни, а посебно им се допаднала приказната за тоа како Бог го извел својот народ од египетското ропство.

И покрај тоа што биле доста мали, децата самоиницијативно сакале да помагаат во домашните работи. Еден ден, Хуанита се разбудила и го нашла петгодишното момче во кујната како стои на врвовите од своите прсти покрај мијалникот и ги мие садовите од последниот оброк.

„Се насмевнал и рекол оти знае дека Хуанита е уморна и тој сака да помогне за таа да може подолго да се одмора“, вели Хуан.

Времето поминувало, а Хуан и Хуанита копнееле да ја запознаат мајката на момчињата. Сметале дека веројатно е многу пријатна, љубезна, но и горда што има толку вредни и великодушни синови.

Кога нивната едногодишна волонтерска служба завршила, брачната двојка направила договор со пријателите да ја преземат грижата за момчињата.

По некое време, Хуан и Хуанита се вратиле на нова мисија и дознале дека најстариот брат, тинејџер, умрел. Мајката ја презела грижата за своите синови.

Хуан го следел движењето на мајката, и дошол да ја посети неа и нејзините синови.

„Навистина е благословено да се биде со нив. Таа е една мошне пријатна личност. Поминавме некое време во друштво со нив. Момчињата беа срамежливи, бидејќи помина долго време откако не сме се виделе“.

Кога времето на нивната втора мисија завршило, брачната двојка одлучила уште еднаш да го посети собраното семејство. Хуан поминал една недела со нив, изградувајќи пријателство со мајката, помагајќи ѝ околу правните работи и други практични работи. Хуанита морала да остане на работа таа недела, но им се придружила за време на викендот. Брачната двојка му подарила на семејството една кутија полна со детски библиски книги со прекрасни илустрации, Библија за секое дете на нивниот јазик и книгата на Елена Вајт „Големата борба“.

Под едно дрво организирале специјален час на саботната школа и богослужение за луѓето од локалната средина, а потоа се поздравиле со семејството.

„Ова беше преубав момент, бидејќи чувствувавме дека едно поглавје од нашиот живот се затвора. Се молевме Господ да го полева семето што ние го посеавме".

Ова африканско искуство многу ги допрело срцата на Хуан и Хуанита. Тие забележале дека Елена Вајт, не само што била плоден духовен автор со пророчки дар, туку имала и жива вера, практикувајќи го она што го проповедала, се грижела за децата со потреби во својот сопствен дом.

„За мене ова искуство претставува револуција во мојот живот. Многу пати ќе видите мисионери, кои работат во некоја средина, како често својата мисионерска работа ја носат во својот дом".

Мисионерите, кои го прават ова, можат да нагостат и ангели, кои не ги гледаат, нагласувајќи го омилениот цитат од книгата на Елена Вајт „Копнежот на вековите".

„Кога ќе им ја отворите вратата на Христовите претставници кои се во неволја и кои страдаат, ги примате со добредојде небесните ангели. Повикувате друштво на небесните суштества. Тие му донесуваат на светот атмосфера на радост и мир. Тие доаѓаат со фалба на усните, а на небото се слуша песна што одговара. Секое дело на милосрдие на небото создава музика. Отецот на својот престол несебичните работници ги реди во своето најдрагоцено благо" (Копнежот на вековите, стр. 639 оригинал).

Хуан, кој тогаш имал 30 години, а денес има 34 години, ги повикува адвентистите да бидат посочувствителни и во својот живот да го спроведуваат евангелието, донесувајќи ја својата мисионерска работа во своите домови и, со Божја помош, да допрат до срцата на луѓето.

## Во врска со искуството

1. Адвентистичката мисија не го објавува вистинскиот идентитет на Хуан и Хуанита, ли државата во која оваа приказна се случила, бидејќи оваа брачна двојка извршува медицинска мисионерска работа во чувствителни делови на светот. Од нас бараа да не им се споменуваат вистинските имиња за да ги избегнат пречките во нивната идна работа. Од таа причина не подготививме видеоклип за оваа седмица.
2. Пронајдете ја сликата која Хуан ја наслика во врска со оваа приказна на линкот: bit.ly/fb-mq

„Ова беше искуство кое го менува животот“, смета Хуан, кој порасnал во мисионерски дом.

„Тогаш се чувствував како да сум станал мисионер во мисионско поле. Повеќе не бев дете на мисионер, туку и самиот бев мисионер“.



# НОВОГОДИШНА ЖЕЛБА

Беатриз де Жесус Сантана, 23

Бразил / 1 јуни 2019

Младите луѓе наздравувале со чаша вино додека ги упатувале своите желби на Бога за време на дочекот на Новата година, на песочната плажа на бразилскиот остров Итапарик.

„Боже сакам година исполнета со благослови“, рекла една личност.

„Јас сакам да бидам богат“, рекол друг.

„Јас сакам да пронајдам вистинска љубов“, рекол трет.

Беатриз ги слушала своите пријатели додека ги изнесувале своите желби на плажата Аруба, популарно излетничко место, кое се наоѓало на еден час оддалеченост од нејзиниот дом во тримилионскиот Салвадор.

Размислувала за тоа како алкохолот и забавата можат да го подобрат нејзиниот живот. А потоа проговорила.

„Не сакам да барам ништо од Бога. Сакам само да Му се заблагодарам за сè што се случи во текот на оваа година. Добив стипендија на универзитетот, добро го одработив своето стажирање во компанијата. И така, мене ми се случија многу добри работи“.

Во понеделникот, на работното место, Беатриз не се чувствувала добро. Била исцрпена од одморот за време на викендот.

Нејзината шефица, Ана Кристина, сочувствително седнала покрај неа, го извлекла својот мобилен телефон и ѝ го покажала триминутниот видеоклип.

Беатриз внимателно го гледала видеоклипот со пасторот кој зборувал за Исус. Пасторот не зборувал како нејзините пријатели.

Наредното утро, Беатриз примила еден триминутен видеоклип од Ана Кристина на својот налог на Ватс ап – социјалната мрежа на својот мобилен телефон. Следниот ден, пристигнал уште еден видеоклип. Беатриз ги изгледала сите видеа и била одушевена од смиреното однесување на пасторот.

Таа живеела со својот татко, кој бил разведен од нејзината мајка, и кој многу пиел. Тие двајца често се расправале. Поради честите кавги во својот дом, Беатриз почнала да оди на забави и да пие.

По неколку дена, Беатрис на гугл ги дознала сите податоци за пасторот. Дознала дека пасторот Иван Сараива, на адвентистичката телевизија ја води програмата „Ново Темпо“, што на португалски значи „Пишано е“.

Почнала да ја следи емисијата, проверувајќи во својата Библија дали пасторот ја зборува вистината. Била одушевена кога ја слушнала емисијата за Десетте заповеди и седмиот ден, саботата.

По три седмици проучување на Библијата со помош на ТВ-програмата, Беатриз побарала од Бога да ѝ прости за животот што дотогаш го водела. Го отворила своето срце за Божјето влијание, и за прв пат поверувала дека Тој навистина ја слуша додека Му се моли.

Барала црква во која би одела. Една пријателка ја повикала во една црква која ја празнувала неделата, но тогаш таа се сетила на

## Во врска со искуството

1. За Беатриз погледнете на линкот: bit.ly/Beatriz-Santana
2. Пронајдете слики поврзани со оваа приказна на линкот: bit.ly/fb-mq

## Мисионски факти

1. Бразил има 9,006 цркви, 8,813 молитвени групи со 1,666,125 членови, што претставува однос од 1 адвентист на секои 125 луѓе.
2. Во 1939 година основано е медицинско дело во Бразил со основањето на клиниката Боа Виста, под управа на д-р Алвес де Миранде. Во 1942 година, клиниката е проширена во болница Каса де Сауде Либердаде (адвентистичка болница во Сао Паоло), под управа на д-р Галдина Нуне Виеире, универзитетски професор, кој ја напуштил својата работа на предавач и се посветил на медицинското здравствено мисионирање.

четвртата заповед, дека седмиот ден е сабота, и се прашувала зошто црквата на нејзината пријателка не го извршува она што го пишува во Библијата.

Ана Кристина го забележала интересот за Бога на Беатриз и ја повикала да дојде во куќната црква „Ширење на Исусовата љубов“, во која десетина луѓе се собираат во мали групи и ја проучуваат Библијата во сабота и во другите денови во текот на седмицата.

Беатриз уште на прв поглед ја засакала оваа куќна црква. „Луѓето ми пристапуваа да ме прегрнат, се чувствував добредојдена. Почувствував мир“.

Исто така, била изненадена поради начинот на кој луѓето се однесуваат кон неа. Се прашувала, која е причината што тие луѓе толку многу се грижат за неа. „Тие не ме познаваат, а сепак ми посакуваат да имам добар и успешен ден. Тие сакаат да дознаат колку ја познавам Библијата, како ја проучувам. Се грижат за мене, иако не ме познаваат која сум јас навистина“.

Двајца млади од црквата, Аманда и Витор почнале да ја проучуваат Библијата со Беатриз секоја сабота. Таа набргу му го предала своето срце на Исуса и била крстена во базенот во дворот пред домашната црква. Ана Кристина плачела од радост кога присуствувала на тој радосен обред. Денес Беатриз се моли и нејзиниот татко, мајка ѝ и постариот брат да го прифатат Исуса. Нејзиниот брат веќе ја проучува библијата следејќи ја ТВ емисијата „Пишано е“.

„Не верував во чуда. Сметав дека се невозможни. Но, Бог направи вистинско чудо во мојот живот. Имав празнина во душата која ниту забавата, ниту пијалакот не можеа да ја исполнат. Тоа беше празнина којашто можеше да ја исполни само Исус“.

Наредниот дочек на Новата година Беатриз го прославила во домот на својот свршеник, адвентист, и неговото семејство. Сега пиела неферментирано вино, гроздов сок, и заедно му благодаруеле на Бога за секој благослов. „Сакам да бидам поблизу до Бога, и љубовта кон Него што ја чувствувам во срцето никогаш да не престане“.

Дел од даровите на 13. сабота за ова тримесечје ќе бидат употребени за преселување од оваа изнајмена куќа и изградба на поголема црква во која ќе има простории за одржување на здравствените семинари и курсеви за здрава исхрана. Ви благодарам што од срце ги приложувате вашите мисионки дарови.



# БРЗ ОДГОВОР НА ДВЕ МОЛИТВИ

Бразил / 8 јуни 2019

Жилберто Фереира да Силва, 68

Жилберто никогаш не покажал интересирање за црквата, и не можел да си објасни ни себеси од каде му е таа изненадна желба да ја прочита Библијата.

Бидејќи не успеал да одолее на таа желба, овој пензиониран менаџер на банка, почнал да ја проучува Библијата на свој начин.

Жилберто бил восхитен од она што го читал. Но, одредени делови во Библијата го збунувале, нетрпеливо копнеел да добие некое објаснување. Сакал некој да му ги објасни настаните запишани во Библијата.

За време на дочекот на новата година, одлучил да ја прекине семејната традиција на гледање огномет на улиците на Салвадор, град на морето со три милиони жители.

„Гледајте го огнометот без мене, овој пат нема да одам со вас“, ѝ рекол на сопругата и на своите три деца тинејџери. Жилберто имал план. Сакал да се моли во мир кога неговото семејство ќе излезе од дома. Барал од Бога да му ја објасни Библијата и да му открие која е вистинската црква.

„Бог ми одговори на таа молитва многу порано од која било друга молитва во мојот живот“, вели Жилберто.

Без да знае, се молел во сабота, на 31 декември. Наредниот ден било недела, 1 јануари.

Во понеделник, првиот работен ден во годината, Жилберто добил повик од банката во која работел. Директорот на банката сакал Жилберто да дојде и да потпише договор за некои вложени средства што ги поседувал.

Во банката, Жилеберто сретнал еден свој колега за кој се сетил дека е христијанин. По потпишувањето на договорот, отишол до

## Во врска со искуството

1 За Жилбер погледнете на линкот: bit.ly/Gilberto-Silva

2 Пронајдете слики поврзани со оваа приказна на линкот: bit.ly/fb-mq

## Брзи факти

1 Бразил е единствената држава во Јужна Америка во која се зборува на португалски јазик.

масата на тој човек, кој се викал Алваро.

„Алваро, дали знаеш каде можам да ја проучувам Библијата“? Потоа додал брзо, „Но немој да ме запознаваш со пастор. Немој да се обидуваш да ме обратиш. Јас само сакам да ја проучувам Библијата“.

Алваро бил адвентист, но Жилберто тоа не го знаел. „Можеш да ја проучува во Кабуло, мислејќи на дел од градот во кој се наоѓала адвентистичката црква во којашто тој одел.

„Тоа е далеку, а и превозот е катастрофален“, одговорил Жилберто.

Алваро застанал за момент, размислувајќи, а потоа рекол, „Го знам вистинското место. Луѓето таму ја проучуваат Библијата. Тоа не е црква“.

Наредниот ден, во вторник, Алваро го одвел Жилберто во куќата „Ширење на Христовата љубов“, во која луѓето се собираат во мали групи да пеат и да ја проучуваат Библијата. Жилберто се чувствувал непријатно да оди некаде каде што не познава никого, и затоа ја повикал семејната пријателка, Регина, да оди со него, бидејќи неговата сопруга одбила да дојде.

„Добро, ќе дојдам со тебе, но нема да отидам во црква“, му одговорила.

Регина одела со Жилберто на секое проучување. Често носела костум за капење под својата облека, па можела да оди и на плажа по проучувањето.

Жилберто бил крстен на крајот од таа година, на 31 декември 2006 година, додека Регина била крстена наредната година.

„Погодете кој беше крстен со мене“? кажува тој, додека очите му светкаат од радост. „Мојата мајка“. Кратко време пред своето крштавање, ја споделил радосната вест со својата мајка, која живеела со неговата сестра Одета, адвентистка, во руралниот дел на Бразил.

„Мамо, ќе се крстам во црквата на сестра ми", рекол тој.

Десет минути по телефонскиот разговор, мајка му на Жилберто му се јавила и му рекла, „Зошто тогаш да не се крстиме заедно"?

„Дали си подготвена за крштавање" - ја прашал изненадено.

„Секој ден ќерка ми ми држи библиски лекции. Не можам да ја пропуштам оваа прилика да влезам во водата со тебе".

Кога се крстела мајка му имала 84 години, а нејзиниот син 56.

Денес, Жилберто има 68 години и е еден од водачите на црквата „Ширење на Христовата љубов". Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе биде употребен за изградба на поголема црковна зграда наместо домашната црква, која била изнајмувана. Во новата зграда ќе можат да се одржуваат здравствени семинари и курсеви за здрава исхрана.

Жилберто се восхитува на начинот на кој Бог одговорил на неговата новогодишна молитва подобро да ја разбере Библијата и да ја пронајде вистинската Божја црква. Бог одговорил во рок од три дена, доведувајќи го во адвентистичката куќна црква.

„На кој начин дојдов до оваа црква? Божјата љубов е таа која ме доведе, но, она што влијаеше на мене да останам во неа, беше топлото добредојде и тоа што во неа пронајдов околина исполнета со љубов".

„Сметам дека оваа црква ги скрши моите предрасуди, кои многу луѓе во светот ги имаат кон неа. Јас дојдов од светот, и ние во црквата крштававме луѓе како мене – доктори, стоматолози, правници, личности кои обично не би дошле во црква. Ние топло ги прифаќаме луѓето кои не сакаат да одат во некоја црква, и еднаш, откако ќе бидат крстени, повеќе никогаш не ја напуштаат црквата".



# ОД МАРКСИСТ ДО АДВЕНТИСТ

Бразил / 15 јуни 2019

Марија Палмеира, 70

Марија била крстена на 12 години. Неколку години подоцна ја напуштила црквата. Поминале 38 години пред да може да ги отфрли своите верувања во марксизмот и да стане Божји светилник во својата средина.

„Марксистичките идеали ги заменија христијанските идеали во мојот живот“, вели Марија, меѓу пријателите позната како Марита.

Марија пораснала во адвентистички дом, одела во саботна школа и како тинејџерка била задолжена за младинското одделение во својата црква. Но, престанала да оди во црква кога некој уважен верник на црквата рекол нешто што ја повредило.

Марија потонала во студиите по социологија и го прегрнала учењето на германскиот филозоф и социолог Карл Маркс за човечките права.

Поминале 25 години, се омажила, родила син, потоа станала вдовица. Се преселила во Монтреал во Канада каде ги продолжила своите постдокторски студии на универзитетот Квебек.

Додека била таму, во ненадејна посета ѝ дошле старите пријатели, бразилскиот пастор Луис Сантана и неговата сопруга Леони. Пасторот Луис бил на некоја свадба во САД и дошол до Монтреал на неколку дена, да ја посети Марија пред да се врати дома. Марија и тој оделе во истата црква како тинејџери.

Пасторот и неговата сопруга секој ден доаѓале кај Марија. Разговарале за Библијата и за Исусовата љубов. Ја повикале да се врати кај Христа. Марија, учтиво ги слушала нивните покани, но останала на своето уверување.

Две години подоцна, се вратила во Бразил да работи како предавач на универзитетот. Сопругата на пасторот Луис ја повикувала

Марија секоја седмица во наредните три години, да дојде на проучување во библиската група. Марија секогаш имала подготвен изговор зошто не може да одговори на повикот.

Еден ден, додека се подготвувала за настава, забележала дека Маркс својот прв манускрипт го напишал во 1844 година. Тогаш се сетила на зборовите на својата мајка дека адвентистичкото движење настанало во 1844 година, и се прашувала, дали ѓаволот го вовел марксизмот за да се спротивстави на адвентистичката порака.

### Во врска со искуството

1. Марија многу сака луѓето да ја викаат по нејзиниот прекар Марита.
2. Погледнете го видеоклипот во кој Марита ја пее песната „Прекрасна милост" во куќната црква „Ширење на Божјата љубов" на линкот: bit.ly/Marita-Palmeira
3. Слики во врска со оваа приказна можете да ги најдете на линкот: bit.ly/fb-mq.

Го споредила учењето на марксизмот со адвентистичките учења. Увидела дека Маркс ги поучувал луѓето за да можат да го променат светот со своја сила, додека адвентистите верувале дека Христос е Тој кој може да ги промени луѓето.

Кратко време потоа, на својот час по социологија, изјавила, „Верувам дека Исус бил голем револуционер, но не бил Божји Син".

Таа ноќ Марија не можела да заспие.

Наредното утро, една студентка Диналва ѝ пристапила со солзи во очите.

„Пред целиот амфитеатар рековте дека не верувате дека Исус бил Божји Син. Не можев да спијам цела ноќ. Чувствувам дека Бог сака да ви кажам, дека тоа што го кажавте, не го кажавте со полно срце. Не сакате да признаете дека верувате во Исуса, затоа што сте марксист."

Марија не знаела што да одговори. Две седмици подоцна, седела и ручала во еден ресторан, кога слушнала како некој хор од блиската црква ја пее песната „Маравилхоса Граца" (Чудесна милост). Тоа била химната што ја пеела во адвентистичкиот хор како тинејџерка.

Кришум влегла во црквата и седнала на последната клупа, за да ја слушне песната. Неколку моменти подоцна, Диналва влегла во црквата и дошла право кај Марија. Ја прегрнала својата професорка

и плачејќи рекла, „Знаев дека ќе ве пронајдам овде! Бев дома, го хранев детето и почувствував силна желба да дојдам на ова место".

Марија била шокирана. Диналва не живеела блиску до оваа црква, а Марија избрала ресторан далеку од универзитетскиот кампус.

Кога завршила песната, тие две се разделиле. Ова искуство ја убедило Марија дека Бог сака таа да ја проучува Библијата. Најпосле го прифатила повикот на сопругата на пасторот Луис да дојде на проучување.

Марија ја проучувала Библијата со пасторот и со неговата сопруга десет години, но не можела да ја прифати Библијата како Божја реч. Конечно, сопругата на пасторот ја погледнала и ѝ рекла, „Треба од Бога да побараш да ти даде вера. Ти си ја изгубила верата. Ќе се молам за тебе".

Марија не сакала да оди во црква.

„Зошто состаноците да не ги одржуваме дома?" – го прашала пасторот Луис.

Разговарале за идејата да се одржуваат состаноци за оние луѓе кои ја сакаат Библијата но не сакаат да одат во црква. Пасторот побрал од Марија да нацрта план за таква куќна црква. Потоа црковните водачи почнале да собираат средства за оваа идеја и за куќната црква. Така настанала куќната црква „Ширење на Божјата љубов".

Состаноците во „Ширење на Божјата љубов" почнале со 13 луѓе во 2004 година. До сега, со посредство на таа куќна црква биле крстени 200 луѓе.

„Луѓето ги запознаваат библиските учења и Христовата љубов, се обратуваат и се крштаваат, а потоа ги испраќаме во адвентистичките цркви во Салвадор, вели Марија, една од водачите на оваа куќна црква. Куќната црква ќе прими дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје, ќе биде преселена од изнајмените простории во многу поголема зграда, во која ќе има места за организирање здравствени семинари и курсеви за здрава храна.

„Имаме и доста музички точки. Многу мали групи се собираат да ја проучуваат Библијата и да се молат. Навистина сме среќни поради сѐ она што Бог го направи. Чекаме на Неговото скоро доаѓање".



# НЕЗАБОРАВНА СВРШУВАЧКА

Бразил / 22 јуни 2019

Грециели Насцименто, 20

Мајка ми и очувот постојано се караа во нашиот дом во Аракажа во Бразил.

Нивните расправии со текот на времето стануваа сè потешки, и моето детство беше исполнето со расправии, викање и хаос. Пораснав во семејство во кое Бог не се споменуваше, и никогаш не сум била во црква. Еден ден, кога имав 18 години, една тетка, полна со љубов, ни дојде во посета. Беше шокирана од она што го виде.

„Вашето семејство е навистина убаво, но вам ви недостасува Бог. Ајде да појдеме во црква. Ќе влеземе во првата на која ќе наидеме“.

Излеговме од дома, мојата мајка , очувот, помладата сестра, полусестрата, полубратот и јас. Првата црква на којашто наидовме беше Христијанската адвентистичката црква. Влеговме внатре.

Неколкумина млади луѓе водеа некаква евангелска серија, а подоцна доаѓаа и во нашиот дом за да ни држат лекции од Библијата.

Тогаш бев на училиште и го пропуштив библиското проучување. Мајка ми, браќата и сестрите присуствуваа. Почнавме сите заедно да одиме во црква.

За кратко време во нашиот дом почна да владее мир, но потоа моите родители продолжија да се расправаат. Нивните караници стануваа дури и полоши отколку што беа.

Еден ден, мајка ми не можеше да го издржи тоа, и едноставно си замина. Престанавме да одиме во црква. Јас не сакав да ги напуштам моите помлади браќа и сестри, така што останав со очувот.

Поминаа неколку месеци, и една вечер заѕвони телефонот. Дваесет и шестгодишниот бизнисмен по име Рафаел, ми рече дека му била потребна секретарка во фирмата и ме праша дали јас би сакала да ја прифаам таа работа. Тој ден бил во моето училиште и го прашал директорот да му препорача некој ученик. Мојот дванаесетгодишен

полубрат случајно го слушнал разговорот, дека јас сум била препорачана.

Ја прифатив работата.

Набргу забележав дека мојот нов шеф не се однесуваше како останатите шефови. Се молеше на Бога пред да почне со работа и не јадеше секаква храна. Еден ден, додека се возев во неговата кола, пушти музика и веднаш препознав дека тоа е музика што некогаш ја слушав во адвентистичката црква. Почнав да ја пеам познатата песна. Рафаел ме слушна и ме праша, „Дали ти е позната адвентистичката црква?“

Кимнав потврдно со главата.

Рафаел тогаш ми кажа дека е адвентист и ме повика да дојдам во црква со него. Одбив, но тој не се откажа и продолжи да ме повикува. Така, една сабота заедно отидовме во неговата црква. Од тој ден не можев да престанам да одам таму. Уживав во прославувањето на Бога и почнав да ги проучувам библиските лекции.

## Во врска со искуството

1. За Гресиела погледнете на линкот: bit.ly/Grecielly-Nascimento
2. Сликите во врска со оваа приказна можете да ги најдете на линкот: bit.ly/fb-mq
3. Погледнете го видеоклипот за осумгодишното девојче од саботната школа на линкот: bit.ly/Grecielly-class

## Брзи факти

1. Лео Б. Халивел бил првиот пионер кој ја започнал својата мошне добро позната здравствена служба во 1931 г., кога го пуштил по реката Амазон првиот од неколкуте такви рачно направени бротчиња по име Лузеиро (Светлоносец). Останатите бротчиња се направени подоцна и биле користени во мирните води на реката Амазон. Овие бротчиња и понатаму им помагаат на иладници луѓе. Покрај делењето облека, храна, медицински средства тие обезбедуваат и решение за многу болести, како што се маларијата, цревните паразити, неисхранетоста, болести на кожата, тропски болести и вадењето заби.
2. Во јули 1900 година, од печат излегол првиот број на *O Arauto da Verdade* (Гласник на вистината), првото адвентистичко списание издадено на португалски јазик.

Кога дознав за десетокот, веднаш почнав да му враќам на Бога 10% од моите приходи.

Крстена сум во февруари 2017 година. Мојот дванаесетгодишен полубрат Женивалдо беше крстен неколку месеци подоцна. И мои-

те сестри ја видоа промената во мојот живот. Повеќе не се соблекував како порано, а и мојот речник стана поинаков. Тогаш и двете мои сестри, Јасмин 18 и Евелин 15, се крстија заедно.

Пет месеци по моето крштавање, Рафаел ме побара за жена и јас прифатив. Сега градиме нова куќа, а ќе се венчаме откако ќе ја изградиме.

Се молам моите родители да го запознаат Бога. Верата на браќата и сестрите, како и мојата вера во Бог е силна. Нашиот живот целосно се промени.

Начинот на кој зборуваме, пријателствата со луѓето, нашето однесување, облекување – сè е променето. Во црквата служам во детското и музичкото одделение, додека моите сестри работат во приемното одделение на црквата. Мојот брат е премногу млад за да преземе служба во црквата, но оди во извидничкиот клуб. Дел од даровите на 13-тата сабота во ова тримесечје ќе биде употребен за нова црковна зграда во Аракажа, која ќе има поголем простор за да можеме да ги примаме сите луѓе кои ја празнуваат саботата.

Ви благодариме што ги поддржувате мисионските дарувања.

## Програма на 13-тата сабота / 29 ЈУНИ

| | |
|---|---|
| **Почетна песна** | „Глеј Бог е љубов“ - Од Песнарката на Христијанската адвентистичка црква, бр. 240 |
| **Добредојде** | Водачот на саботната школа |
| **Молитва** | |
| **Програма** | „Уморни мисионери“ |
| **Дар** | |
| **Завршна песна** | „Ќе одиме горе“ - Од Песнарката на Христијанската адвентистичка црква, бр. 305 |
| **Завршна молитва** | |

**Забелешка:** Учесниците не мора напамет да ги учат своите делови за да ги изнесат вестите, туку да бидат доволно запознати со материјалот, за да не мора да читаат сè од текстот. Извежбајте ја целокупната програма за учесниците да можат да се чувствуваат пријатно и по потреба да го нагласат она што сметаат дека е важно.

Погледнете го видео клипот за Рено и Наталија на линкот: bit.ly/Reno-Guerra

Пронајдете слики во врска со оваа приказна на линкот: bit.ly/fb-mq



# УМОРНИ МИСИОНЕРИ

Рено Агуиар Гуера 32
& Наталија Галвао Марињо Гуера

Врелото амазонско сонце правело да се чувствуваат исцрпено во нивната работа. Пасторот Рено и неговата сопруга Наталија го врзале својот брод во марината, во зафрленото бразилско село Демокрација, и чукале на вратата на секој дом за да ги поделат поканите за серијата евангелски состаноци.

Потоа овие двајца мисионери пешачеле 45 минути по калливиот пат за да стигнат до другото село, каде исто така ги повикувале луѓето на серијата предавања. Тројца библиски работници им помогнале да ги посетат домовите во уште две други села.

Мисионерите ова го правеле секој ден во текот на еден месец, колку што траела евангелската серија во центарот на локалната селска заедница под отворено небо во Демократија.

Многу луѓе доаѓале на предавањата, возејќи се во товарниот дел на три изнајмени стари пикапи, кои ги обезбедиле мисионерите.

Други луѓе пешачеле. Меѓутоа, само неколку од мештаните на Демокрација доаѓале на секојдневните состанови на кои имало околу 150 посетители.

Кога состаноците влегле во втората седмица од одржувањето,

Рено и Наталија почнале да чувствуваат умор. Долгите утрински пешачења и навидум рамнодушното однесување на мештаните ги обесхрабрило мисионерите.

Некои луѓе им префрлувале сека со своите секојдневни посети изгледаат како продавачи кои одат од врата до врата.

Другите покажувале отворено сомневање кон адвентистичката црква која почнала да се гради, за која Рено ангажирал работници.

Мештаните припаѓале на една верска деноминација што ја празнува неделата и загрижено зборувале за семејствата кои се поделиле во соседното село.

Мештаните не сакале поделби во селото.

По еден заморен ден, Рено и Наталија, крајно исцрпени седнале на својот броj.

„Зошто сме овде? Ова мисионерско поле не изгледа зрело. Изгледа како никој да не сака да ја прифати Библијата", рекол Рено.

„Не сакам повеќе да ја работам оваа работа", рекла Наталија. „Всушност, јас ја сакам оваа работа, но овие луѓе не сакаат да ја прифатат вистината".

Длабоко очајна, Наталија ја отворила библиската програма на својот мобилен телефон и го притиснала копчето за да избере еден библиски текст.

„Господе, покажи ни зошто сме овде", се помолила. Тогаш прочитала: „Кога правиме добро, тоа нека не ни биде здодевно, зашто во свое време ќе пожнееме, ако не се измориме" (Галатите 6,9).

„Ова е одговор на нашата молитва!" возвикнала Наталија.

Наредниот ден, една средовечна жена радосно извикала на цел глас, кога Наталија и Рено застанале пред нејзиниот дом со поканата за предавањето.

„Тоа е мојата црква!" – зборувала таа, покажувајќи кон логото на адвентистичката црква која се наоѓала на поканата. „Ова е моја црква веќе четири години, и сакам да бидам крстена".

Мисионерите дознале дека жената ја гледала ТВ- програмата „Ново Темпо" во изминатите четири години и се молела да дојде проповедник во нејзиното село, како оние мисионери во ТВ-емисиите.

Оваа жена била меѓу 50 крстени луѓе по крајот на серијата предавања во декември 2017 година.

Меѓу крстените биле и две сестри, Франсијен 19 и Делсијен 16, кои почнале да доаѓаат на предавањата кога мисионерите ги читале ветувањата забележани во Библијата. Родителите на овие сестри им забранувале да одат на предавањата, но тие сепак доаѓале.

„Нашиот татко не ја прифаќа нашата вера, и не сакаше денес да бидеме крстени, и затоа дојдовме сами“. Франсијен рекла во видеоклипот дека Рено пресудил, охрабрувајќи ги да се крстат.

„Нашата баба дојде кај нас дома минатата вечер за да разговара со нашиот татко. Тој тогаш рече дека, ако се крстиме, ќе нè тепа. Но, иако нашето семејство не ја прифаќа нашата вера, ние и понатаму сакаме да бидеме со Исуса“.

Додека ги слушал сестрите кои зборувале за новооткриената вера, Рено се потсетил на своето обесхрабрување само неколку седмици порано.

„Тогаш мислев дека никој не сака да ја прифати Библијата, но Бог и тогаш работел на срцата на луѓето“. Мештаните кои стравуваа дека новата црква би можела да создаде јаз меѓу луѓето, го променија своето мислење.

„Ова е сосема поинаква црква“, кажал еден човек. „Вие се грижите за нас и не сакате да внесувате поделби меѓу луѓето во заедницата“, додал друг.

Селото Демокрација било последното место во кое биле одржани евангелските предавања, организирани во 2017 година од страна на пасторот на „Amazonia de Esperanca“ (Надеж за Амазон), бродската црква, која настанала во 2016 година како проект на даровите на 13-тата сабота.

Во текот на 2017 година, Рено крстил 286 луѓе и основал три цркви, за време на првата година од работата на бродската црква.

Бродот има сала за состаноци со климатизер, проектор и звучен систем кој може да прими 150 лица, и патува по текот на Амазон посетувајќи ги изолираните села.

За евангелизацијата на Демократија не бил користен брод поради изразито калливиот брег.

По искуството во Демократија, Рено и Наталија сфатиле дека во адвентистичкото дело нема место за обесхрабрувањето.

„Ние не сме тие кои ја извршуваат работата. Бог е тој кој ги подготвува луѓето и пред да дојдеме ние. Ние немаме причина да се

грижиме, бидејќи Бог ги подготвува луѓето во амазонската џунгла преку телевизијата и други средства“.

„Господ е тој кој прави сè, а ние сме само орудија кои ги водиме луѓето до Него. Секој ден му благодарам на Бога за нашата работа“, вели Наталија, која ја напуштила работата како правник за да стане мисионер.

Оваа брачана двојка изразува благодарност до верниците на црквата насекаде во светот што учествувале во обезбедувањето средства за купување на бродот-црква, со даровите на 13-тата сабота од четвртото тримесечје во 2016 година.

„Оваа бродска црква е Божји начин за спасување на луѓето кои се заборавени од политичкиот, економскиот и здравствениот систем. Но, Бог не ги заборавил тие луѓе“, смета Рено.

Селаните чекаат на мисионерите бидејќи сакаат да го запознаат Исуса. На Исуса му е потребна само една личност која е подготвена да каже, „еве ме, испрати ме мене“.

*(Приложување на даровите проследено со инструментална музика).*

## Идни проекти на 13-тата сабота

Проектите кои ќе бидат во центарот на ова тримесечје доаѓаат од Јужнопацифичката дивизија на Генералната конференција на Христијанската адвентистичка црква:

- „Да спасиме 1000 прсти“ е кампања која се базира на превенцијата од ампутирање на ножните прсти со дејствување на здравствените служби во Фиџи, Вануату, Соломонските острови, Самоа, Американска Самоа, Кирибати и Тонга.

- Изградба на ТВ-студио во Тонгатапи, на островот Тонга.

- Производство на тринаесетнеделна анимирана детска серија „Детските приказни на Даниел“ наменети за децата на возраст од 8-12 години. Серијата ги следи авантурите на Даниел и неговите тројца пријатели во Австралија.

# Извор на информации за читателите

За повеќе информации за разновидното културно наследство на Аргентина, Бразил, Парагвај, Перу, Уругвај (ЈАД), ве молиме, обратете се до својата локална библиотека, туристичка агенција или амбасада на посакуваната земја. Впишете го името на земјата во вашиот интернет пребарувач.
Следните вебсајтови можат да ви бидат од полза:

Аргентина: government website
argentina.gob.ar
Lonely Planet bit.ly/LPUruguay

Бразил: government website
bit.ly/BrazilGov
Brazil Travel Information bit.ly/BrazTrav

Парагвај: government website
bit.ly/ParGov
World Travel Guide bit.ly/WTGParaguay

Перу: government website peru.gob.pe
Visit Peru http://bit.ly/Visit-Peru

Уругвај: government website
portal.gub.uy
BBC Country Profile bit.ly/UruguayBBC
Seventh-day Adventist
South American Division bit.ly/SADiv
Argentina Union Conference
ua.adventistas.org
East Brazil Union Mission
ulb.adventistas.org
North Brazil Union Mission
unb.adventistas.org
Northeast Brazil Union Mission
uneb.adventistas.org
South Brazil Union Conference
usb.adventistas.org
West Central Brazil Union Mission
ucob.adventistas.org
Paraguay Union of Churches Mission
up.adventistas.org
North Peru Union Mission
upn.adventistas.org
South Peru Union Mission
upsur.adventistas.org
Uruguay Union of Churches Mission
uu.adventistas.org

## Средство за остварување на целта

Ќе помогне вниманието да се фокусира на светската мисија и да се зголеми седмичното мисионско дарување. Сосредоточете го своето внимание на светската мисија и зголемете ги седмичните мисионски дарувања.

Побарајте од вашиот Одбор на саботната школа да ја постави целта за вашите мисионски дарувања. (Поставете повисока цел од онаа што била за минатото тримесечје, поделете ја сумата на 14 делови – (12 редовни тримесечни делови и два дела за тринаесеттата сабота). Покажете го неделниот графикон на напредок кон поставената тримесечна цел.

Потсетете ги верниците исто така дека активностите на светската црква зависат од седмичните мисионски дарови на саботната школа. Дванаесеттата сабота поднесете извештај за мисионскиот дар собран во текот на тримесечјето и потсетете ги членовите на саботната школа да ги приготват своите дарови на тринаесеттата сабота за наредната седмица. Оваа информација за собраните средства мнозина ќе ги охрабрат да продолжат да ги приложуваат своите мисионски дарувања.

Адвентистичкото мисионско ДВД е бесплатен прилог на списанието во кој можат да се видат искуствата од земјите за кои зборувавме, како и за Мисијата на адвентистичката црква во светот. Замоли го водачот на саботната школа да ти направи една копија од ДВД-то или оди на www.AdventistMission.org

www.AdventistMission.org/dvd.

Мисионското списание и на социјалната мрежа фејсбук

Читајте, коментирајте, споделувајте, и ставете ми се допаѓа на искуствата и сториите на нашите браќа и сестри:

на www.facebook.com/mission-quarterlies.

# Каде одат моите мисионски дарови

Дали некогаш сте почувствувале, кога ги давате своите мисионски дарови, како да ги ставате своите пари во „црна дупка“?

Вие знаете кои држави и проекти ќе добијат дел од даровите на тринаесеттата сабота. Меѓутоа, што се случува со редовните мисионски дарови што ги приложувате секоја седмица? За што ќе бидат употребени?

Можеби ќе се изненадите од фактот дека седмичните мисионски дарови им помагаат на повеќе од 1,000 мисионери насекаде во светот. Всушност, 70% од седмичните мисионски дарови им помагаат на мисионерите и на работата на нашата црква во светски рамки. Издвојувањата од Генераната конференција наменети за државите на Блискиот исток, Северната африканска унија и на Израелското мисионско поле, помагаат да се воспостават и да се одржуваат мисионските активности на овие териотрии. Остатокот од парите ја помагаат работата на различни институции и агенции кои служат на црквата во целиот свет. На пример, го помагаат мисионското медицинско дело на универзитетот во Лома Линда, даваат поддршка да се шири евангелието преку програмите на адвентистичкото светско радио и на хуманитарните активности на АДРА.

Во изминатите години милиони луѓе од областите на светот кои се соочуваат со предизвици, го запознале спасението во Исуса и дошле во Христијанската адвентистичка црква. Во овие области се основани илјадници нови цркви. Меѓутоа, откако биле крстени, дали овие верници биле и како биле негувани? Дали имаат пристап до материјалите и програмите кои можат да помогнат да ја зајакнат својата нова вера и да им помогнат да растат во своето ученииштво? Дали во тие нови цркви има доволно пастори?

Вашите мисионски дарувања го поддржуваат растот и напредокот на делото во целиот свет.

Ако сакате да добиете дополнителни информации за адвентистичката мисија во светот, одете на AdventistMission.org.

Ви благодарам уште еднаш за молитвите и за финансиската поддршка околу проектите на адвентистичката мисија. Вие сте тие кои придонесувате и правите разлика во животот на милиони души насекаде во светот.

**Гери Крауз**

# ГРАДИВО 2/2019
**Вести од светот**

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на
Христијанската
адвентистичка црква
во Р. Македонија

**Превод и**
**техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Коригирал:**
Томе Трајков

**Одговара:**
Томе Трајков

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**